РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Самостојно одделение за стратешко планирање

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА

февруари 2023 година

# СОДРЖИНА

**1 ПРОГРАМИ** ........ **4**

**2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ** ........ **7**

**2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ** ........ **9**

2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА ........ 9

2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ ........ 18

2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ ........ 28

2.1.4 ПРОГРАМА: ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА ........ 34

2.1.5 ПРОГРАМА: ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ ........ 40

2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА ........ 48

2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ........ 66

2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА ........ 73

**2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2022 година** ........ **77**

**2.3 Оценка на спроведувањето други активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа** ........ **85**

**3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** ........ **92**

**3.1 Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2022 година** ........ **92**

**3.2 Извештај за реализација на Годишниот план за обуки** ........ **93**

**4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ** ........ **93**

**5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ** ........ **94**

## ВОВЕД

Главната цел на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија, како и да креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем којшто ќе стимулира фер и одржлив економски раст во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинираат среднорочната фискална политика, макроекономската политика и политиката на јавен долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии, во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, внатрешната финансиска контрола и активностите во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување перење пари и финансирање тероризам.

Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи, сите како органи во состав на Министерството за финансии.

# 1 ПРОГРАМИ

Активностите на Министерството за финансии во текот на 2022 година беа насочени кон остварување на стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за интензивирање на процесите за интеграција во ЕУ и НАТО, справување со светската енергетска криза и пандемијата, долгорочен и одржлив економски раст, одржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, подобрена наплата на приходите и рационално и наменско трошење на јавните средства, коишто ќе придонесат за подобрување на животниот стандард на населението.

Министерството за финансии во текот на 2022 година, во рамките на своите законски надлежности, ги реализира следниве програми со мерки и активности коишто се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии, содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети во 2022 година (објавено во „Службен весник на РСМ", бр. 97/21):

- обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- справување со светската пандемија предизвикана од коронавирусот КОВИД-19;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- развивање одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- квалитетно образование достапно за сите, согласно со побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација, којашто обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и
- заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

За остварување на наведените стратешки приоритети, Министерството за финансии презема мерки коишто ќе придонесат за нивна реализација притоа дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- задржување на финансиската и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста;
- одржување солиден економски раст и стабилно макроокружување преку формулирање здрави економски политики, зголемување на наплатата на приходите, обезбедување ефикасна распределба, транспарентност и отчетност за сите јавни ресурси;

- фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем, намалување на сивата економија, поттикнување на приватната иницијатива и инвестиции;
- реформи во јавните финансии преку подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешна контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето;
- етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување развојни индикатори (СМАРТ клучни индикатори на успешност);
- ефикасно користење на пристапната помош од ЕУ и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на прилагодување на системот за управување со структурните фондови;
- одржување професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови;
- ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европска Унија и националните финансиски интереси, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето, борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на Европската Унија.

Со Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2022 година предвидено е да се имплементираат вкупно 8 програми, и тоа:

- **ПРОГРАМА: Администрација и поддршка**
  - Потпрограма: Информатика
  - Потпрограма: Финансиски прашања
  - Потпрограма: Правни работи
  - Потпрограма: Внатрешна ревизија
  - Потпрограма: Човечки ресурси
  - Потпрограма: Стратешко планирање
- **ПРОГРАМА: Економска политика и развој**
  - Потпрограма: Макроекономски политики
  - Потпрограма: Обуки
  - Потпрограма: Економски форум
  - Потпрограма: Развојни проекти
- **ПРОГРАМА: Буџет, трезор и јавен долг**
  - Потпрограма: Буџети и фондови
  - Потпрограма: Трезор
  - Потпрограма: Управување со јавен долг

- **ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика**
  - Потпрограма: Јавни приходи од акцизи
  - Потпрограма: Даночна политика
  - Потпрограма: Царинска политика

- **ПРОГРАМА: Финансиски систем**
  - Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарските и небанкарските институции
  - Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на пазарот на капитал
  - Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на сметководствениот систем, платен промет и ревизија
  - Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на игрите на среќа и на забавните игри
  - Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на системот на осигурување и реосигурување

- **ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европска Унија**
  - Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА
  - Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)
  - Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција
  - Потпрограма: Меѓународни финансиски односи

- **ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор**
  - Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола
  - Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства

- **ПРОГРАМА: Управување со државни средства**
  - Потпрограма: Управна постапка и нормативно имотно-правни работи
  - Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците

# 2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Поради вонредните околности поврзани со светската енергетска криза и пандемијата на КОВИД-19, како и економско-финансиската состојба во земјава поради ценовната криза, дел од планираните мерки и активности не можеа да се реализираат во роковите предвидени со Годишниот план за 2022 година и истите се пренесени за реализација во Годишниот план за 2023 година.

| Програми | Планирани активности | Реализирани активности | Нереализирани активности | Активности во тек | Вкупно по програми |
|---|---|---|---|---|---|
| Администрација и поддршка | 43 | 41 | 2 | 2 | **43** |
| Економска политика и развој | 32 | 30 | 2 | / | **30** |
| Буџет, трезор и јавен долг | 31 | 28 | 3 | / | **28** |
| Даночна и царинска политика | 20 | 15 | 5 | 6 | **21** |
| Финансиски систем | 26 | 26 | / | 1 | **27** |
| Меѓународни финансии и соработка со ЕУ | 39 | 32 | 7 | 3 | **35** |
| Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор | 18 | 12 | 6 | / | **12** |
| Управување со државни средства | 21 | 18 | 3 | 3 | **21** |
| **Вкупно** | **230** | **202** | **28** | **15** | **217** |
| % | **100** | **87.8** | **12.8** | **6.5** | 94.3 |


50
45
40
35
30
25
20
15
10
5
0
43
32
31
20
26
39
18
21
41
30
28
15
26
32
12
18
2
2
3
5
0
7
6
3
2
0
0
6
1
3
0
3
43
30
28
21
27
35
12
21
ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ
РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ
НЕРЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ
АКТИВНОСТИ ВО ТЕК
ВКУПНО ПО ПРОГРАМИ
Администрација и поддршка
Економска политика и развој
Буџет, трезор и јавен долг
Даночна и царинска политика
Финансиски систем
Меѓународни финансии и соработка со ЕУ
Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор
Управување со државни средства

# 2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

## 2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата** | – Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност<br>– Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација, којашто обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа** | Административна и информатичка поддршка на Министерството со цел непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, реализација на Планот за јавни набавки и следење на реализацијата на склучените договори, развој на човечките ресурси и зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи | | |
| **Назив на Програмата:**<br>**2.1.1 Програма: Администрација и поддршка** | **Цел на Програмата**<br>Непречено функционирање на Министерството, континуиран развој и одржување на ИКТ–инфраструктура, како и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите со коишто Министерството има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, како и зајакнување на капацитетите во областите финансиски прашања, стратешкото планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен**<br>– Сектор за информатика<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за правни работи<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Одделение за човечки ресурси и<br>– Одделение за стратешко планирање |
| **2.1.1.1 Потпрограма: Информатика** | **Цел на Потпрограмата**<br>Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктура и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ИСО-стандард/код 27002:2013 за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите | | **Одговорен**<br>– Сектор за информатика |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктурата во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти | Континуирана функционалност на ИКТ-инфраструктурата и континуитет на бизнис-процесите | Следење на серверите и работните станици, апликативните решенија и континуитетот на бизнис-процесите | Континуирана активност |
| Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | Одржување и безбедност на информатичките апликации | | Континуирана активност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Имплементација на современ интегриран информациски систем за финансиско управување | | Во врска со имплементацијата на современ интегриран информациски систем за финансиско управување, со ангажман на консултанти, изработена е техничка спецификација за интегриран информациски систем за финансиско управување | Континуирана активност |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.2 Потпрограма: Финансиски прашања** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>Редовно сервисирање на обврските спрема давателите на услугите | | **Одговорен**<br>– Сектор за финансиски прашања |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии | Прием на документација за исплата од Министерството за финансии и од 34 подрачни одделенија на МФ | Навремена исплата на обврските согласно со добиената документација | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недостаток на вработени лица во Одделението за сметководство |
| Учество во реализацијата на проектот „Купи куќа, купи стан“ | Прием на документација за исплата (Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенции и Известување за исплата на субвенција) | Навремена исплата на ратите согласно со добиената документација за исплата (Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенција и Известување за исплата на субвенција | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недостаток на вработени лица Одделението за сметководство |
| Спроведување попис на средствата и изворите на средствата на Министерството | – Извештај за попис на средствата и на изворите на средствата<br>– Евидентирање на промените од пописот во програмата за основни средства | Врз основа на извештаите од комисиите, изготвено е Решение за усвојување на Извештајот за попис на средствата и на изворите на средствата | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недостаток на вработени лица во Одделението за сметководство |
| Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | – Утврдување на среднорочните расходи и приходи од „вообичаените надлежности“ коишто произлегуваат од постојното законодавство, постојните обврски и задачи - Предлагање нови проекти и финансиски обврски | Се користат податоци од организационите единици на МФ, органите во состав и проектните единици коишто доставуваат предлози за буџетски средства до СФП, како и анализа за реализацијата на буџетските средства во изминатиот период | Ризик што влијае врз спроведувањето на активноста е недобивањето предлози од надлежните единици, како и неекипираноста на Одделението за буџетска координација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на Предлог-буџетот на Министерството за финансии | – Собирање податоци и изработка на анализа за извршувањето на буџетот на Министерство за финансии<br>– Доставување на предлог-буџетот на Министерството за финансии до Секторот за буџети и фондови | – Во јули беше доставено циркуларно писмо до организационите единици на МФ и органите во состав на МФ под раздел 09001 и врз основа на нивните предлози се собираат податоци потребни за изработка на предлог-буџетот на Министерството за финансии<br>– Предлог-буџетот на Министерството за финансии е доставен до Секторот за буџети и фондови | Ризик што влијае врз спроведувањето на активноста е недобивањето предлози од надлежните единици, како и неекипираноста на Одделението за буџетска координација |
| Завршна сметка на Министерството за финансии | – Изготвување бруто-биланс и пополнување на обрасците за Завршната сметка на Министерството за финансии | Подготвување на Годишниот финансиски извештај и на обрасците за Завршната сметка и нивно поднесување до Централниот регистар, Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи | Ризик што влијае врз спроведувањето на наведената активност е недостаток на вработени лица во Одделението за сметководство |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.3 Потпрограма: Правни работи** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори | | **Одговорен**<br>– Сектор за правни работи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за јавни набавки за 2022 година | Годишниот план за јавни набавки за 2022 година е донесен во предвидениот рок и истиот континуирано се реализира | Годишниот план за јавните набавки на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок<br>Постапките за предвидените набавки во ГПЈН за 2022 година се спроведуваат континуирано | |
| Спроведување на отпочнатите незавршени постапки за јавни набавки во согласност со ГПЈН за 2021 година и спроведување на постапките за јавни набавки во согласност со ГПЈН за 2022 година | Постапките започнати во согласност со ГПЈН за 2021 година и постапките започнати во согласност со ГПЈН за 2022 година се завршени | Постапките за предвидените набавки во согласност со годишните планови се спроведуваат континуирано | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки склучени во согласност со годишните планови за јавни набавки за претходните години и договорите за јавни набавки што ќе се склучат во согласност со Годишниот план за 2022 година | Склучените договори по годишните планови за јавни набавки се реализираат во согласност со одредбите предвидени во договорите | Склучените договори во согласност со ГПЈН се реализираат континуирано | |
| Спроведување постапки, склучување договори и следење на реализацијата на договорите чија постапка се спроведува без примена на ЗЈН во 2022 година | Склучените договори по исклучок од ЗЈН се реализираат во согласност со одредбите предвидени во договорите | По потреба се спроведуваат постапки без примена на ЗЈН | |
| Следење на реализацијата на Договорот склучен со СОЗР за 2022 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2022 година | Договорот се реализираше во согласност со одредбите од Договорот склучен со СОЗР за 2022 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2022 година | | |
| Изготвување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Се изготвува во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е изготвен во законскиот рок | |
| – Изготвување решенија за користење мобилни телефони<br>– Издавање апартмани за одмор во Дојран и Крушево<br>– Одобрување за користење службени возила на вработените<br>– Склучување анекси кон договорите за јавни набавки | | | Овие активности не се предвидени во Годишниот план, но Секторот за правни работи ги спроведува |
| Подготовка на решение за определување на видови на предмети за кои се води попис на документи/записи за 2023 година | Се наведуваат документите, односно записите од ист вид, што произлегуваат во поголем обем и за кои се води попис | Се даваат информации за документите, односно записите што произлегуваат во поголем обем и што ќе се водат во попис на документи/записи<br>Реализирано | Доколку ваквите документи, односно записи од ист вид, што произлегуваат во поголем обем не се водат во попис на документи, ќе дојде до голема оптовареност на другите деловодници.<br>Оваа активност не е предвидена во Годишниот план, но Секторот за правни работи ја спроведува. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на План на архивски знаци за 2023 година | Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерство за финансии | Се даваат информации за архивските знаци под кои ќе се водат записите на организационите единици во Министерство за финансии<br>Реализирано | Планот за архивски знаци се носи на крајот на секоја календарска година за наредната година, согласно со Уредбата за канцелариско и архивско работење. Доколку не се донесе, ризикот е непочитување на Уредбата, а надзор врз тоа врши Државниот архив на Република Северна Македонија.<br>Оваа активност не е предвидена во Годишниот план, но Секторот за правни работи ја спроведува. |
| Подготовка на Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2023 година | Се изготвува во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење, со наведување на документарниот материјал на организационите единици во Министерство за финансии, со рокови за негово чување | Се даваат информации за документарниот материјал на организационите единици во Министерството за финансии, со рокови за негово чување Реализирано | Листата се носи на крајот на секоја календарска година за наредната година, врз основа на Планот, а во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење. Доколку не се донесе, нема да се знае кој документ колку време се чува и ризикот е непочитување на Уредбата, а надзор врз тоа врши Државниот архив на Република Северна Македонија<br>Оваа активност не е предвидена во Годишниот план, но Секторот за правни работи ја спроведува. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.1.4 Потпрограма: Внатрешна ревизија | Цел на Програмата/Потпрограмата<br>– Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | | Одговорен<br>– Внатрешна ревизија |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, согласно со годишните планови за внатрешна ревизија | Реализирање на 11 ревизии предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите коишто имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Реализирани се планираните 11 внатрешни ревизии во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br>Ревизиите се реализирани во согласност со целите и динамиката предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија. | |
| Изготвување годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување 6 годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и во субјектите коишто имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Изготвени се 6 годишни извештаи за активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br>Годишните извештаи се изготвени навремено и се во согласност со правната регулатива | |
| Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во согласност со правната регулатива | Изготвени се стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br>Стратешките планови се изготвени навремено и се во согласност со правната регулатива | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.5 Потпрограма: Човечки ресурси** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>– Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен**<br>– Сектор за правни работи<br>– Одделение за човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за вработување за 2023 година | Донесен е Годишен план за вработување за 2023 година во предвидениот рок | Годишниот план за вработување на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |
| Изготвување Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии | Донесен е Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | Дел од вработените посетуваа генерички обуки во согласност со Годишниот план |
| Изготвување Годишен план за годишни одмори во Министерство за финансии | Донесен е Годишен план за годишни одмори во Министерството за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за годишни одмори во Министерство за финансии е донесен во планираниот рок | Континуирано се изготвуваат решенија за користење годишен одмор |
| Изготвување Правилник за организација и работа на Министерството за финансии | / | / | Активноста за донесување Правилник за организација и работа на Министерството за финансии е реализирана |
| Изготвување Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии | | | Активноста за донесување Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии е реализирана |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Изготвување решенија за распоредување на сите вработени во МФ по новиот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии | Во тек е изготвување на решенијата за распоредување за вработените, по донесувањето на новиот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за финансии | / | / |

| **2.1.1.6 Потпрограма: Стратешко планирање** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>Зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии | | **Одговорен**<br>– Одделение за стратешко планирање |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на Стратешки план на Министерството за финансии 2022-2024 година<br>Активности:<br>– Донесување и објавување на Стратешкиот план на веб-страницата на МФ | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Стратешки план на Министерството за финансии 2022-2024 | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Стратешкиот план 2022-2024 | Стратешкиот план на МФ з2022-2024 е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |
| Подготовка, донесување и објавување на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Годишен план за работа за 2022 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година | Годишниот план за работа на МФ за 2022 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |
| Следење и известување за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ (квартални извештаи) | Кварталните извештаи се подготвуваат во согласност со Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите ОДУ во процесот на следење, оценување и известување за спроведување на Стратешкиот план и ГП за работа („Службен весник“ бр. 131/18) | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештајот за следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа за 2022 година (квартални извештаи) | Континуирано се врши следење, оценување и известување за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ. Изготвени се и квартални извештаи за следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ за 2022 година и истите се доставени до Кабинетот на министерот |
| Подготовка, донесување и објавување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2021 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2021 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2021 година | Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ за 2021 година е доставен до ГС на 2.2.2022 година и објавен на веб-страницата на МФ. |
| Подготовка на Извештајот за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Извештајот за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година | Извештајот за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година е доставен до ГС на 7.3.2022 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување предлози за утврдување на стратешките приоритети и приоритетни цели за 2023 година | Навремена и квалитетна подготовка на предлозите за приоритетни цели за наредната година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на предлозите за приоритетни цели за 2023 година | Предлозите за утврдување на стратешките приоритети и приоритетни цели за 2023 година се доставени до ГС на 7.3.2022 година |
| Законодавна агенда на Владата за 2022 година | Навремено ажурирање на Законодавната агенда | Усогласување, координирање и консултации со засегнатите сектори во МФ за ажурирање на Агендата | Законодавната агенда на Владата редовно се ажурира и навреме се доставени предлозите за настанатите промени во роковите за предлог-законите. |
| Подготовка на Стратешки план на Министерството за финансии 2023-2025 | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Стратешки план на Министерството за финансии 2023-2025 | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Стратешкиот план 2023-2025 | Нацрт-верзијата на Стратешкиот план на МФ 2023-2025 година е подготвен, одобрен од министерот и доставен до ГС на ВРСМ. По добивањето на Извештајот од анализата, истиот ќе се усогласи и објави на веб-страницата на МФ |
| Предлог-годишна програма за работа на Владата на РСМ за 2023 година | Навремена подготовка на предлози на акти и материјали (иницијативи) за Предлог–годишна програма за работа на Владата | Собирање, интегрирање, проверка на акти и материјали (иницијативи) од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Предлог–годишна програма за работа на Владата за 2023 година | МФ достави 69 иницијативи до ГС, истите се опфатени во Предлог-програмата, согласно со предвидената динамика |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| Нов Закон за стратешко планирање и управување со развојот на РСМ | / | / | Формирана е Работна група којашто ќе работи на текстот на новиот Закон за стратешко планирање и управување со развојот на РСМ.<br>Рокот се поместува за ноември 2023 година |

## 2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Справување со светската пандемија предизвикана од коронавирусот КОВИД-19; модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација којашто обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа** | – Задржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста<br>– Фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување развојни индикатори (СМАРТ клучни индикатори на успешност) | |
| **Назив на Програмата/Потпрограмата:**<br>**2.1.2 Програма: Економска политика и развој** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе значи зголемување на благосостојбата и подобрување на квалитетот на живот во Република Северна Македонија. | **Одговорен**<br>– Сектор Кабинет на министерот<br>– Сектор за макроекономска политика |
| **2.1.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување, како и координација во процесот на подготовка на Програмата за економски реформи. | **Одговорен**<br>– Сектор за макроекономска политика |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво | Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| **Мерка 1. Подготовка на Програма на економски реформи 2023-2025** | | | |
| Спроведување оценска мисија на ЕК за ПЕР 2022-2024 со дискусија за предлог-заеднички заклучоци | На 17 и 18 февруари 2022 година се спроведе оценска мисија на ЕК за ПЕР 2022-2024 година | На 17 и 18 февруари 2022 год. се спроведе оценска мисија на ЕК за ПЕР 2022-2024 година. На оценската мисија учество земаа претставници на Директоратот за Западен Балкан во рамки на Генералниот директорат за соседска политика и проширување, Генералниот директорат за Економија и финансии и Директоратот за вработување и социјална политика, министерот за финансии на РСМ, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, министрите од Владата на РСМ и претставници од ДЕУ во Скопје. На мисијата беше истакната важноста на дискусијата за заедничките заклучоци коишто се усвојуваат во рамки на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување Информација до Владата на РСМ за Програмата на економски реформи 2023-2025 со Акциски план за реализација на Заедничките заклучоци усвоени на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ | Во јули 2022 година, до Владата на РСМ беше доставена Информацијата за Економско-финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2023-2025 | На 24 мај 2022 година се одржа Економско-финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и Турција, на кој беа усвоени Заеднички заклучоци. Информацијата за Економско-финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2023-2025 содржи Акциски план во кој се наведени сите препораки од Заедничките заклучоци од Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан и Турција, како и работниот план за изработка на деветтата Програма на економски реформи (ПЕР) за периодот 2023-2025 год. Информацијата беше усвоена од страна на Владата на 75-тата седница одржана на 30 август 2022 година. | |
| Собирање, интегрирање, проверка и коригирање на материјалите од надлежните институции и сектори во МФ за ПЕР 2023-2025 | Во септември 2022 година, надлежните институции и сектори во МФ доставија до Националниот координатор за ПЕР во МФ материјали за изработка на новата ПЕР 2023-2025 | Во согласност со Заклучокот од Владата на РСМ и работниот план за изработка на ПЕР 2023-2025 година, надлежните институции и сектори од МФ беа задолжени до 7 септември да достават активности за исполнување на препораките од Заедничките заклучоци усвоени на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ до Националниот координатор за ПЕР во МФ, односно до 14 септември секторска дијагностика и предлог-реформски мерки коишто ќе бидат дел од ПЕР 2023-2025. Беше доставен придонес од страна на надлежните институции, по што следеше интеграција, проверка и коригирање на материјалите и изготвување на првиот Нацрт-структурни реформи во рамки на новата Програма, којшто беше обработуван на работилницата со ЦЕФ, одржана на 25 и 26 октомври, на тема „Програмирање на структурните реформи“. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работилници со институциите во организација на ЦЕФ-Љубљана за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2023-2025 | Во текот на 2022 година беа организирани повеќе работилници со институциите, во организација на ЦЕФ-Љубљана, за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2023-2025 | Реализирани се повеќе работилници со институциите во организација на ЦЕФ-Љубљана за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2023-2025:<br>– на 4 јули беше организирана работилница на тема „Тимско планирање за ПЕР“;<br>– во периодот од 12 до 14 октомври, МФ и ЦЕФ одржаа состаноци со повеќе институции во насока на развој на институционални капацитети за подобри програми на економски реформи како дел од потпроектот „Колаборативен пристап за процена на влијанието на структурните реформи во Северна Македонија“;<br>– на 25 и 26 октомври беше одржана работилница на тема „Програмирање на структурни реформи“, на која се разгледуваа мерките што ќе бидат дел од новата Програма. По завршување на истата, беше изработен нов нацрт на структурните реформски мерки, а потоа и разгледуван на Советодавната мисија на ЕК;<br>– во периодот 12-14 октомври 2022 година, директорката на ЦЕФ - Љубљана, Јана Репаншек, имаше средба со заменици на министри и државни секретари за образование, земјоделие, труд и социјала, животна средина и транспорт, со цел нивно запознавање со планираните активности во ЕУ ФИСР 2, проект за поддршка на процесот за изработка на ПЕР, наменети за градење капацитети на министерствата за оценка на влијанието на реформските мерки во ПЕР врз економскиот раст;<br>– во периодот од 18 до 20 октомври беше одржана работилница на тема „Клучни индикатори на перформанси за структурни реформи“;<br>– на 8 ноември беше одржана работилница на тема „Размена на добри практики за клучни индикатори на перформанси“ | |
| Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во нацрт-ПЕР 2023-2025 | Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во нацрт-ПЕР 2023-2025 се одржа на 23 и 24 ноември 2022 год. | 1.5. На 23 и 24 ноември се одржа Советодавната мисија на ЕК за предложените мерки, при што во дискусија со институциите се дадоа предлози за подобрување на мерките. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување на Програмата на економски реформи до заинтересираните страни и пошироката јавност за консултации, како и до ЕСС | Од 15 до 29 декември 2022 год., на интернет страницата на МФ беше објавен нацрт-ПЕР 2023-2025, дел 2 Реализација на препораките од Заедничките заклучоци и дел 5 - Структурни реформски мерки, за консултации со јавноста, а заинтересираните страни, вклучително ЕСС, беа известени преку е-пошта | Од 15 до 29 декември 2022 год., на интернет страницата на МФ беше објавен нацрт-ПЕР 2023-2025, дел 2 Реализација на препораките од Заедничките заклучоци и дел 5 - Структурни реформски мерки (https://finance.gov.mk/програма-на-економски-реформи/), како дел од процесот за консултации со јавноста, а истовремено беше доставена и електронска покана до заинтересираните страни, вклучително ЕСС, за доставување мислења и забелешки во однос на мерките | |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2023-2025 на усвојување до Владата на РСМ | Програмата на економски реформи 2023-2025 ќе се достави на усвојување до Владата на РСМ во јануари 2023 год. | Програмата на економски реформи 2023-2025 ќе се достави на усвојување до Владата на РСМ во јануари 2023 год. | |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2023-2025 до Европска комисија | Програмата на економски реформи 2023-2025 ќе се достави до Европска комисија најдоцна до 31 јануари 2023 год. | Програмата на економски реформи 2023-2025 ќе се достави до Европска комисија најдоцна до 31 јануари 2023 год. | |
| **Мерка 2. Подготовка на Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија**<br>**Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија е објавен на следната врска: https://finance.gov.mk/извештаи-трезор/** | | | |
| Собирање податоци и изработка на полугодишна анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ | | Во текот на првата половина од 2022 година се собираа податоците потребни за изработка на полугодишната анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ. Анализата беше подготвена во јули 2022 год. | |
| Доставување на Извештајот за извршување на Буџетот на РСМ до Владата на РСМ | | Извештајот за извршувањето на Буџетот на РСМ за првите шест месеци беше доставен до Владата на РСМ на 31 јули 2022 год. | |
| **Мерка 3. Реализација на проектот „Купи куќа, купи стан“**<br>**Разгледување и одлучување по барања за субвенциониран станбен кредит** | | | |
| Објавување Одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит | | Објавен е Јавен повик за пријавување граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во периодот од 1 јуни до 31 август 2022 година. | |
| Разгледување и одлучување по барања за субвенциониран станбен кредит | | Во согласност со Законот за субвенционирање станбен кредит, Комисијата за евалуација на барања за субвенционирани станбени кредити спроведува постапка за избор на корисници за субвенциониран станбен кредит најмалку еднаш во 35 дена. | |
| Извештај за спроведувањето на Законот за субвенционирање станбен кредит | | Во декември 2022 година беше подготвен и доставен до Владата Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање станбен кредит во 2022 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2023 год. | | Владата на РСМ на 34-тата седница одржана на 29.3.2022 год. донесе одлука да се објави нов повик за проектот „Купи куќа, купи стан“ за 2022 год., како последен јавен повик за овој проект, и да се информира јавноста дека проектот ќе биде укинат од 2023 год. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Предлог-Одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување граѓани за добивање на субвенциониран станбен кредит во 2023 год. | Владата на РСМ на 34-тата седница одржана на 29.3.2022 год. донесе одлука да се објави нов повик за проектот „Купи куќа, купи стан“ за 2022 год., како последен јавен повик за овој проект, и да се информира јавноста дека проектот ќе биде укинат од 2023 год. | / | / |
| Предлог-закон за државната статистика | Согласно со Програмата за работа на Владата за 2022 год., беше планирано во декември 2022 год. да се подготви Предлог-закон за официјална статистика. Меѓутоа, согласно со подготвениот документ за реформа на системот на државната организација, подготвен од странски експерти, се предлага Државниот завод да биде институција под непосредна надлежност на Собранието и директорот да биде избран од истата институција. Оттука, за да може да се подготви Предлог-законот за официјалната статистика, со оглед дека се менува целокупната концепција на поставеност на Заводот и статистичкиот систем во рамките на државната управа, неопходно е да бидат изменети други основни закони со кои се уредува државната организација во земјата, по што би следела фазата на подготовка на нов текст на Предлог-законот. Истовремено, и во Евростат во тек е подготовка на изменување на темелната регулатива на ЕУ од областа на статистиката, заради што ќе биде потребно да се направат и соодветни измени на Законот за државна статистика. Од наведеното, се предлага подготовката на Предлог-законот за официјална статистика да се одложи до исполнување на наведените предуслови и терминот за донесување на истиот да се одложи за 2024 год. | | |

| 2.1.2.2 Потпрограма: Обуки | Цел на Програмата/Потпрограмата<br>Зајакнување на капацитетите во областа на јавните финансии | | Одговорен<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| **Мерка:** Академија за јавни финансии<br>**Активност:** воспоставување и екипирање на Академијата за јавни финансии | Воспоставена Академија за јавни финансии, и број на спроведени обуки и на издадени сертификати и лиценци | Делумно постигнати цели | – Формирана е работна група со цел обезбедување координативна и техничка поддршка за непречено спроведување на активностите за воспоставување на Академијата за јавни финансии. (Решение донесено од министерот за финансии на 29.11.2022 година)<br>– Академијата за јавни финансии е основана со Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии, донесен на 29.12.2022 год. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.2.3 Потпрограма: Економски форум** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>– Зголемување на транспарентноста и инклузивноста на повеќе релевантни чинители во подготовката на стратешките документи во доменот на јавните финансии, а особено во контекст на подготовката на Буџетот на Република Северна Македонија за следната фискална година.<br>– Размена на идеи и искуства во однос на глобалните, регионалните и националните перспективи за закрепнување и забрзан економски раст, соодветно и искуства на дефинирана тема на конференцијата помеѓу владини претставници и експерти од земјата и регионот. | | **Одговорен**<br>– Сектор Кабинет на министерот |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Годишна конференција на Министерството за финансии – „Скопје економски и финансиски форум 2022“ (Skopje Economic and Finance Forum)<br>– Подготовка на Годишната конференција | Присуство на еминентни гости, професори, министри од земјата и регионот, високи претставници на меѓународни финансиски институции, амбасадори, како и добитникот на Нобеловата награда за економија Пол Кругман | Целосна организација на настанот од страна на избрана компанија на тендер, преку постапка спроведена од страна на Бирото за јавни набавки. Официјална покана до сите гости од страна на министерот. | |
| Реализација на Годишната конференција | | Годишната конференција на Министерството за финансии „Скопје економски и финансиски форум 2022“ е оценета како успешно спроведена преку дводневни интензивни панел-дискусии на кои како говорници се јавија високи претставници на меѓународните финансиски институции, професори, министри од земјата и регионот, амбасадори, а воведното обраќање му припадна на добитникот на Нобеловата награда за економија Пол Кругман. | |
| Информација и препораки по однос на темата на Годишната конференција | | Размена на идеи и искуства во однос на глобалните, регионалните и националните перспективи за закрепнување и забрзан економски раст, соодветно и на искуства од дефинирана тема на Конференцијата помеѓу владини претставници и експерти од земјата и регионот. | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.2.4 Потпрограма: Развојни проекти** | **Цел на Програмата/Потпрограмата**<br>Јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | **Одговорен**<br>– МСИП - проектна единица<br>– Сектор за финансиски систем<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата<br>– Биро за јавни набавки<br>– Управа за јавни приходи и Царинска Управа |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Втор проект за подобрување на општинските услуги - МСИП 2 | Подобрување на општинските услуги во општините учесници во Проектот | 37 општини потпишаа 38 договори со Министерството за финансии за подзаем со цел реализација на 54 потпроекти во вкупна вредност од околу 19,4 мил. евра. Од нив 33 општини реализирале 47 потпроекти, 1 општина со 1 потпроект е во фаза на финални исплати, 5 општини имаат 6 потпроекти во фаза на имплементација.<br>Во рамките на грант компонентата потпишани се 40 договори за грант со 35 општини за реализација на 43 потпроекти во вкупна вредност од околу 4,4 мил. евра, при што 33 потпроекти на 28 општини се целосно завршени, за 3 потпроекти во 3 општини во тек се финални исплати, 6 општини имаат исто толку потпроекти во фаза на имплементација, додека за 1 потпроект во 1 општина во тек е постапка за набавка. И овде, како и во компонентата за подзаем, има неколку општини со потпроекти во различни фази. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор | Подобрување на енергетската ефикасност на објектите на општините учесници во Проектот преку намалување на потрошувачката на енергија во јавниот сектор и поддршка за воспоставување и операционализација на одржлив механизам за финансирање на енергетската ефикасност во јавниот сектор. | Компонента 1а (Инвестиции во енергетска ефикасност во општините): потпишани иницијални договори за спроведување на Проектот помеѓу Министерството за финансии и општините каде што страните се обврзуваат дека ќе го спроведат Проектот и по извршената енергетска ревизија, а по изработениот основен проект за изведба ќе пристапат кон потпишување на договор за подзаем и грант. Оваа активност е спроведена за сите 12 општини коишто имаат одобрени потпроекти после сеизмичкиот скрининг и четирите општини што поднесоа потпроекти за улично осветлување, додека со Општина Пробиштип се пристапи кон директно потпишување договор за подзаем и грант со Министерството за финансии бидејќи општината веќе имаше подготвена физибилити студија. За другите потпроекти за јавно осветлување во тек е изработка на физибилити студии.<br>Компонента 1б (Инвестиции за енергетска ефикасност на објектите на централната власт): беа потпишани иницијални договори со Министерството за здравство за 18 објекти коишто го поминаа сеизмичкиот скриниг. Во тек е подготовка на енергетски контроли и основни проекти.<br>Компонента 2 (Техничка помош и поддршка при спроведувањето): консултантска фирма, ангажирана за обезбедување техничка поддршка и подготовка на документите потребни за подготовка и воспоставување Фонд за енергетска ефикасност, ги подготвува документите потребни за подготовка и воспоставување на Фонд за енергетска ефикасност. | |
| ИПА-проект „Зајакнување на внатрешниот пазар“ | | | Во рамки на ИПА-проектот „Зајакнување на внатрешниот пазар“ Министерството за финансии е корисник на Компонентата 3 (Подобрување на усогласеноста на националното законодавство со законодавството на ЕУ- Поглавје 6, во делот на сметководство и ревизија. Со проектот се обезбедува техничка помош за Европските директиви релевантни за оваа област, чии одредби е предвидено да се транспонираат во националното законодавство. Во рамките на проектот предвидена е подготовка на нов Закон за сметководство и нов Закон за ревизија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЕУ твининг-проект „Подобрување на наплатата на приходите, даночната и царинската политика“ | Подобрување на стабилноста, ефикасноста и квалитетот на сеопфатниот систем на прибирање на приходите на земјата за да се обезбеди одржливо и сигурно управување со јавните финансии | Спроведување обуки (онлајн, хибридни или со целосно физичко присуство) за размена на знаење и искуства помеѓу експерти од земјите членки на ЕУ и локални експерти од клучните институции вклучени во проектот: Министерство за финансии, Царинска управа и Управа за јавни приходи | Реализацијата на активностите е во тек, согласно со предвидениот план за работа на твининг-проектот. Во 2022 година реализирани се 20-на работилници во четирите компоненти на твининг-проектот. |
| ИПА твининг-проект МК 18 IPA FI 01 19 „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола“ | Реализирани обуки преку меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | Проектните активности се спроведуваат во рамки на планираната динамика, без некои проблеми. Целите на проектот се остваруваат сукцесивно како што тековно се спроведуваат активностите | Во изминатите 11 квартали, спроведени се вкупно 114 активности преку 137 мисии. (Компонента 1- 18 активности 28 мисии, Компонента 2- 49 активности 56 мисии, Компонента 3- 25 активности 30 мисии и Компонента 4- 22 активности 23 мисии).<br>Предложениот периодот за имплементација на проектот е 29.2.2024 година |
| ИФМИС (интегриран информациски систем за финансиско управување) | | Се финализира техничката спецификација за ИФМИС | Донесен е Закон за буџети, којшто претставува законска основа за реализација на Проектот.<br>Потпишан е Договор за заем со Светска банка, а обезбедена е и донација за негова реализација. |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

## 2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата</td><td colspan="3">– Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Справување со светската пандемија предизвикана од коронавирусот КОВИД-19<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа</td><td colspan="3">– Задржување на финансиска и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста<br>– Фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти<br>– Реформи во јавните финансии преку подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешната контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување на развојни индикатори (СМАРТ клучни индикатори на успешност)</td></tr>
<tr><td>Назив на Програмата:<br>2.1.3 Програма: Буџет, трезор и јавен долг</td><td colspan="2">Цел на Програмата<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст</td><td>Одговорен<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за трезор<br>– Сектор за управување со јавен долг</td></tr>
<tr><td>2.1.3.1 Потпрограма: Буџети и фондови</td><td colspan="2">Цел на Потпрограмата<br>Спроведување реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, рационално и наменско користење на буџетските средства</td><td>Одговорен<br>– Сектор за буџети и фондови</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><th>Мерка/активност</th><th>Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво</th><th>Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата</th><th>Коментар</th></tr>
<tr><td>Фискална стратегија на среден рок</td><td>Фискална стратегија на среден рок 2023-2025 (со изгледи до 2027)</td><td>Фискалната стратегија на Владата на РСМ е усвоена, а во неа се дадени среднорочни фискални проекции со кои се опфатени повеќе аспекти: макроекономски показатели, Буџет на РСМ, јавен долг, ризици, транспарентност и унапредување на јавните финансии.</td><td>Фискалната стратегија е дополнително ревидирана, согласно со последните проекции и економски остварувања.</td></tr>
<tr><td>Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година</td><td>Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година</td><td>Буџетот на РСМ е усвоен од страна на Собранието на РСМ на седницата одржана на 23 декември 2022 година, а во него се соодветно планирани приходите и расходите за сите буџетски корисници.</td><td></td></tr>
<tr><td>Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија</td><td>Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија</td><td>Донесен е Закон за извршување, во кој се регулира користењето на буџетските средства</td><td>Се донесува истовремено со донесување на Буџетот на РСМ</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измена и дополнување на Буџетот (Ребаланс) | Измена и дополнување на Буџетот (Ребаланс) | Ребалансот на Буџетот, во кој се ревидирани првичните проекции на приходите и расходите, е донесен од страна на Собранието. | |
| Завршна сметка на Буџетот за претходната година | Завршна сметка на Буџетот за претходната година | Усвоена е од страна на Владата на РСМ, на седницата одржана на 18 ноември 2022 година | |
| Пријавување и евиденција на обврски | Пријавување и евиденција на обврски | Тековна активност на буџетските корисници согласно со законската обврска | Сите буџетски корисници секој месец од 1-ви до 10-ти пријавуваат обврски на електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО). |
| Унапредување на среднорочната и етапна фискална консолидација | Унапредување на среднорочната и етапна фискална консолидација | Процесот е унапреден преку е-циркулар за доставување буџетски барања, зголемена транспарентност и воспоставување основно сценарио и нови иницијативи. | Унапредување на процесот преку донесување План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст за 2022 година |
| Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година | Уредбата за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година беше донесена на 85-та седница на ВРСМ одржана на 17.9.2022 година. | Во согласност со последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност коишто се распределуваат на општините се утврдуваат на 5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен претходната фискална година. Притоа овие средства се распределуваат во три дела и тоа: Основен фонд – 4,5%, Фонд за перформанси - 0,25% и Фонд за изедначување - 0,25%. | Согласно со критериумите во Уредбата, покрај основниот дел што го добиваат сите општини, средствата од делот за изедначување се распределува на општините коишто имаат пониски пер капита од реализирани приходи од данок на личен доход, а делот за перформанси се распределува на општините коишто имаат реализирани над 70% од планираните сопствени приходи претходната година и повисоко реализирани сопствени приходи претходната година во однос на просекот од претходните три години. |
| Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година | Уредбата беше донесена на 55-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28.6.2022 година. | Со Уредбата, 4,5% од реализираниот ДДВ претходната година, согласно претходно утврдени критериуми, се распределува на сите општини. | Со ова се обезбедуваат стабилни приходи на општините. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година | Уредбата за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година е донесена на 103-та седница на ВРСМ одржана на 25.11.2022 година. | Во согласност со последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност коишто се распределуваат на општините се утврдуваат на 5,5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен претходната фискална година. Притоа овие средства се распределуваат во три дела и тоа: Основен фонд – 4,5%, Фонд за перформанси - 0,5% и Фонд за изедначување - 0,5%. | Во согласност со критериумите во Уредбата, покрај основниот дел што го добиваат сите општини, средствата од делот за изедначување се распределува на општините коишто имаат пониски пер капита од реализирани приходи од данок на личен доход, а делот за перформанси се распределува на општините коишто имаат реализирани над 70% од планираните сопствени приходи претходната година и повисоко реализирани сопствени приходи претходната година во однос на просекот од претходните три години. |
| Учество во работни групи во НППА и следење на Поглавјето 3.17 - економска и монетарна унија | Учество во работни групи во НППА и следење на Поглавјето 3.17 - економска и монетарна унија | Редовно исполнување на обуките за НППА | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Создавање услови за оспособување на преостанатата општина да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | Општина Пласница сè уште не ги исполнила условите за влез во втората фаза на фискалната децентрализација. | Поради неисполнувањето на условите втората фаза на фискалната децентрализација не е целосно завршена, поточно не е завршено пренесувањето на надлежностите од централно на локално ниво. | Општина Пласница треба да вложи напори да ги исполни условите за влез во втората фаза на фискалната децентрализација. |
| Нов Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Со овој Закон ќе се доуреди системот на финансирање на општините и ќе се усогласи со новиот Закон за буџети. | Имајќи предвид дека Законот за буџети беше усвоен во септември 2022 година, оваа активност не можеше да биде реализирана во текот на 2022 година. | Оваа активност ќе се реализира во 2023 година. |
| Закон за управување со општински долгови | Со Законот ќе се уреди управувањето со општинските долгови. | Поради потребата од дополнителни анализи, оваа активност не се реализира во 2022 година. | Оваа активност ќе се реализира во 2023 година. |

| 2.1.3.2 Потпрограма: Трезор | Цел на Потпрограмата<br>Реформи во јавните финансии, зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините, планирање на ликвидноста и транспарентно известување | | Одговорен<br>– Сектор за трезор |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Годишен извештај за извршување на средствата од резервите на Централниот буџет за претходната година | Годишниот извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет за претходната година е изготвен и доставен | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Годишниот извештај е усвоен од страна на Владата на РСМ |
| Полугодишен извештај за извршување на средствата од резервите на Централниот буџет за тековната година | Полугодишниот извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет за тековната година е изготвен и доставен | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Годишниот извештај е усвоен од страна на ГК на Владата на РСМ |
| Обезбедување внес на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС, на начин како што се објавени, односно усвоени (вклучувајќи ги и измените на истите) | Вчитани буџети и измени на буџетите | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на дневна основа |
| Одржување на сметките и приходните шифри во рамки на трезорската сметка за непречено функционирање на платниот промет и нивно евидентирање во ТРИС | Извршено е отворање, затворање, како и промени на сметки на буџетски корисници<br>Извршено е пријавување и одјавување на сметки во КИБС<br>Ажурирани се приходни шифри во ТРИС | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на редовна основа, согласно со планираното |
| Одржување на системот на уплатни сметки за јавни приходи заради навремена и правилна распределба на јавните приходи на Буџетот на РСМ, буџетите на ЕЛС, односно на корисниците на јавните приходи, во согласност со закон | Извршено е ажурирање на уплатни сметки<br>Извршено е ажурирање на критериумите за распределба на средства од уплатните сметки согласно со законските прописи<br>Упатството за начинот на евидентирање и распоредување, поврат и пренасочување на јавните приходи е ажурирано, согласно со динамиката на промени во уплатните сметки<br>Направени се исправки на грешки при уплата на јавни приходи, со изготвени решенија за поврат/пренасочување | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на редовна основа, согласно со планираното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Известување за остварените приходи и реализирани расходи, како и следење на ликвидноста на буџетската и трезорската сметка со подготовка на проекции за ликвидност | Изготвени се месечни извештаи за извршување на Буџетот на РСМ (фискални табели) и истите се објавени на веб-страницата на Министерство за финансии<br>Изготвени се податоци за потребите на МФ, Владата на РСМ и други релевантни институции<br>Изготвени се проекции за ликвидност на БС и ЕТС во соработка и комуникација со други надлежни институции | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на дневна основа |
| Сметководствено евидентирање на остварените приходи и расходи на Централниот буџет, согласно со организациската и економската класификација | Евидентирани се дневни промени за реализација на Буџетот.<br>Прекнижени се ставки и програми по прием на податоци за прекнижување или по барање на буџетски корисници | Податоци од Трезорскиот информационен систем | Активностите се спроведени на дневна основа |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.3.3 Потпрограма: Управување со јавен долг** | **Цел на потпрограмата**<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст со одржување на нивото на јавниот долг | | **Одговорен**<br>– Сектор за управување со јавен долг |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Континуирано издавање државни хартии од вредност | Издавање државни хартии од вредност | Континуирано издавање државни хартии од вредност, согласно со Календарот за издавање државни хартии од вредност | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Давање мислења по основ на барања за задолжување и/или издавање државни гаранции на носителите на јавниот долг | Изразување мислења по основ на поднесени барања за задолжување и/или издавање државни гаранции на носителите на јавниот долг | Навремено подготвени мислења по основ на поднесени барања за задолжување и/или издавање државни гаранции на носителите на јавниот долг | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење и координација на активности за обезбедување кредитен рејтинг на Република Северна Македонија | Обезбедување оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија | Обезбедени оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година | Донесена е одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година | За непречено финансирање на буџетскиот дефицит, како и за рефинансирање на долгот потребно е навремено донесување Одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2023 година од страна на Владата на Република Северна Македонија | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Изработка на извештаи за следење на состојбата на државниот и јавниот долг | Месечни и квартални извештаи за следење на состојбата на државниот и јавниот долг | Навремени информации за следење на состојбата на државниот и јавниот долг на месечна и квартална основа | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Изработка на месечен план на обврските по основ на долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на РСМ | Континуирана изработка на месечен план на обврските по основ на долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на РСМ | Навремени информации во тековниот месец за обврските по основ на долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на РСМ а доспеваат за плаќање наредниот месец | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Сервисирање на обврските од долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Редовно и навремено сервисирање на обврските од долгот на државата коишто се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Нема доспеани неплатени обврски по основ на долгот на државата којшто се сервисира од Буџетот на РСМ | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Известување на носителите на долгот на државата за обврските што доспеваат во тековниот период | Известување на носителите на долгот на државата во тековниот месец за обврските по долгот што доспеваат наредниот месец | Навремено известување на носителите на долгот на државата за обврските што доспеваат во тековниот период | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2023-2025 (со изгледи до 2027 година) | Стратегијата за управување со јавниот долг ѝ дава рамка на Владата на РСМ за дејствување во насока на пруденто управување со јавниот долг на државата на среден рок | Податоци за проекции на државен и јавен долг и лимити за ново задолжување, лимити за валутна, каматна и рочна структура | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |
| Годишен извештај за управување со јавниот долг за 2021 година | Има за цел поблиску и на редовна основа да ги информира Владата и Собранието на Република Северна Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на должничкото портфолио на Република Северна Македонија, како и со преземените мерки за негово ефикасно управување во текот на минатата година | Актуелни податоци за висината и структурата на државниот и јавниот долг заклучно со крајот на 2021 година | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2022 година и истата е реализирана |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

### 2.1.4 ПРОГРАМА: ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Справување со светската пандемија предизвикана од коронавирусот КОВИД-19<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација којашто обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа** | – Задржување на финансиската и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста<br>– Фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти<br>– Предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем, намалување на сивата економија, поттикнување на приватната иницијатива и инвестиции<br>– Реформи во јавните финансии преку подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешната контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ клучни индикатори на успешност) | |
| **Назив на Програмата:**<br>**2.1.4 Програма: Даночна и царинска политика** | **Цел на Програмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на даночниот и царинскиот систем, како и системот поврзан со оданочување со акциза и оданочување со данок на моторни возила со законодавството на ЕУ, изменување на даночната и царинската регулатива, како и на регулативата од областа на акцизите и оданочувањето на моторните возила, согласно со приоритетите на Владата на РСМ, и создавање услови за ефикасно функционирање на даночните и царинските постапки и подобра и поефикасна имплементација на прописите од областа на акцизите и оданочувањето со данок на моторни возила. Воедно, целта на Програмата е да обезбеди праведен, ефикасен, транспарентен и достапен даночен систем којшто ќе се темели на современи дигитални технологии во функција на постигнување забрзан, инклузивен и одржлив економски раст, како и усогласување на домашното законодавство со европските директиви | **Одговорен**<br>– Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
| **2.1.4.1 Потпрограма: Јавни приходи од акцизи** | **Цел на Потпрограмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата на системот поврзан со оданочување со акциза и оданочување со данок на моторни возила со законодавството на ЕУ, изменување на регулативата од областа на акцизите и оданочувањето на моторните возила, согласно со приоритетите на Владата на РСМ, и создавање услови за подобра и поефикасна имплементација на прописите од областа на акцизите и оданочувањето со данок на моторни возила | **Одговорен**<br>– Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Дополнување на Законот за акцизите | Донесен е Закон за дополнување на Законот за акцизите | Законот за дополнување на Законот за акцизите беше објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 57 од 12 март 2022 година | Дополнувањето на Законот за акцизите овозможи подобрување на регулативата |
| Одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата | Донесена е Одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата („Службен весник на РСМ“ бр. 58/22) - **во примена до 31 мај 2022 година** | Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ | Со донесувањето на Одлуката се овозможи примена на дополнувањето на Законот за акцизите, објавено во „Службен весник на РСМ“ бр. 57 од 12 март 2022 година, во однос на пресметувањето на акцизата кај одредени енергенти |
| Изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви | Сè уште не е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви | | Измените и дополнувањата на Законот за стоковните резерви беа изготвени во септември 2022 година и истите се сè уште во владина процедура. Законот не е дел од Годишниот план за работа за 2022 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Уредба за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила | Оваа Уредба не е донесена поради дополнителни активности во врска со финалното усогласување на текстот на Уредбата | | |
| Подзаконски акти што произлегуваат од Законот за акцизите | Во 2023 година ќе се предложат нови измени и дополнувања на Законот за акцизите заради што ќе треба да се изменат подзаконските акти. По овие измени и дополнувања на Законот за акцизите коишто ќе се реализираат во 2023 година, ќе следи ревидирање на подзаконските акти што произлегуваат од Законот за акцизите. | | |

| **2.1.4.2 Потпрограма: Даночна политика** | **Цел на Потпрограмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на даночниот систем со законодавството на ЕУ, изменување на даночната регулатива во согласност со приоритетите на Владата на РСМ и создавање услови за ефикасно функционирање на даночните постапки | | **Одговорен**<br>– Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход | Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход | Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход беше објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/22 од 20.12.2022 година | Измените и дополнувањата на Законот се предвидени во Планот за 2022 година, а нивното донесување произлезе и од Концептот за даночната реформа |
| Изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка | Изготвен е Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка | Истиот е усвоен од страна на Владата на РСМ | Измените и дополнувањата на Законот се предвидени во Планот за 2022 година, а нивното донесување произлегува и од Концептот за даночната реформа.<br><br>Моментално е во собраниска процедура.<br><br>Во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка се предлагаат измени на законските одредби коишто ќе придонесат за намалување на административниот товар на даночните обврзници и на Управата за јавни приходи, проширување на даночната база преку ревидирање на постојните даночни ослободувања, како и воспоставување праведен и неутрален даночен систем. |
| Закон за административните такси | Беше предвиден за првиот квартал на 2022 година | Усогласување со потребите на другите органи на државна управа по однос на тарифникот пропишан во Законот | Законот влезе во Собраниска процедура во декември 2022 година |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка | Дополнување и изменување на одредбите на Законот за данокот на додадена вредност со цел имплементирање на најдобрите практики во однос на оданочувањето на меѓународниот промет на услуги како и реализирање на Програмата на Владата | Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, се очекуваат незначителни позитивни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија | Предлог-законот е во Собраниска процедура |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Со измените и дополнувањата се намалува повластената стапка на ДДВ за основните производи за човечка исхрана од 5% на 0%, се намалува стапката на ДДВ од 18% на 10% при промет на енергенти, а се пропишува и ослободување од плаќање ДДВ при увоз на енергенти | Примена на намалена стапка од 18% на 5% за прометот и увозот на електрична енергија за домаќинства за период од денот на влегување во сила на овој закон до 30 јуни 2022 година, како и оданочување со даночна стапка од 10% за прометот и увозот на електрична енергија за домаќинства за периодот од 1 јули 2022 до 30 јуни 2023 година | „Службен весник на РСМ", бр. 57/22 |
| Измена и дополнување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка | Ослободувањето од ДДВ за одделните видови производи за човечка исхрана ќе се применува од 17.3.2022 до 31.5.2022 год. | / | „Службен весник на РСМ", бр. 58/22 |
| Измена и дополнување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето данок на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок | Намалувањето на стапката на ДДВ при промет на енергенти ќе важи од денот на објавување на прописите во „Службен весник на РСМ" односно од 12.3.2022 до 31.5.2022 година | / | „Службен весник на РСМ", бр. 58/22 |
| Одлука за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник | Основна причина заради која се врши изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник е потребата од проширување на листата на услугите, со што се вклучуваат и услугите за изградба на топловоди и топловодни системи со дистрибутивна мрежа, а со цел доследна примена на одредбата 32-а од Законот за данокот на додадена вредност | Примената на Одлука започна од 16.09.2022 година | Одлуката не е дел од Годишниот план за работа за 2022 година, но сепак е усвоена од страна на Владата |
| Измена и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за данокот на додадена вредност | Во Правилникот за спроведување на Законот за данок на додадена вредност се уредува член 6 | / | „Службен весник на РСМ", бр. 143/22 |
| Правилник за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност | Со овој правилник се пропишува формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност<br>Член 2 - Даночната пријава на данокот на додадена вредност се поднесува на образецот „ДДВ04" | / | „Службен весник на РСМ", бр. 143 79/22 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување Акциски план за 2022 година и известување по Акциски план за 2021 година | Заради потребата од донесување благовремени решенија во контекст на тековните економски случувања (војната во Украина, енергетската криза и инфлацијата), дел од мерките и активностите од Стратегијата беа опфатени и спроведени во согласност со Концептот за даночната реформа во 2022 година | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Закон за Управата за јавни приходи | Предлогот за изменување и дополнување на Законот за УЈП беше предвиден за четвртиот квартал од 2022 година, согласно со Годишниот план за работа. Истиот беше проследен до Владата на Република Северна Македонија во декември 2022 година. | Се предвидува дигитализација на процесите при поднесување барања и достава на управни акти преку Национална платформа, како и посилна и поефикасна интероперабилност помеѓу органите на државната управа и граѓаните на РСМ. Законот треба да претрпи и други одредени измени коишто ќе ја подобрат организациската поставеност на УЈП, условите за работа на вработените и др. | Поради дополнителни усогласувања со органите во состав, како и разгледување и постапувања по забелешки од надлежните органи, се предвидува Законот да влезе во собраниска процедура во текот на 2023 година |
| Закон за даночна постапка | Беше предвиден за првиот квартал од 2022 година | Се предвидува дигитализација на процесите при поднесување барања и достава на управни акти преку Национална платформа, како и посилна и поефикасна интероперабилност помеѓу органите на државната управа и граѓаните на РСМ. Освен тоа, Законот треба да претрпи и други измени, посебно во делот за Даночниот налог и присилната наплата | Поради дополнителни усогласувања со органите во состав се предлага Предлог-законот да се процесуира во владина и собраниска процедура во текот на 2023 година. Истиот се подготвува како комплетно нов Закон, поради планирани пообемни и комплексни измени |
| Закон за даноците на имот | Беше предвиден за четвртиот квартал од 2022 година | Подобрување на правната рамка во однос на даночната основа. Исто така, беше потребно дефинирање и уредување на законскиот статус на даночните инспектори вработени во општините | Заради потреба од дополнителни дискусии и разгледување на прашањето по однос на статусот на даночните инспектори, како и нивните надлежности и работни задачи, потребни се работни средби и исцрпни анализи со цел изнаоѓање најсоодветно решение. Затоа на истиот ќе се работи и потоа истиот ќе процесуира во владина и собраниска процедура во текот на 2023 година |

| **2.1.4.3 Потпрограма: Царинска политика** | **Цел на Потпрограмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на царинскиот систем со законодавството на ЕУ, изменување на царинската регулатива согласно со приоритетите на Владата на РСМ и создавање услови за ефикасно функционирање на царинските постапки | | **Одговорен**<br>– Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за наредната година | Донесена е Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2023 година | Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година е објавена во „Службен весник на РСМ“ | |
| Уредба за применување на регулативите на Комисијата на европските заедници за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура | Донесена е Уредба за применување на регулативите на Комисијата на европските заедници за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура | Во „Службен весник на РСМ“, објавени се 4 измени на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на европските заедници, за распоредување одредени стоки во Комбинираната номенклатура | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.5 ПРОГРАМА: ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа** | – Задржување на финансиската и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста<br>– Фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти<br>– Етапно воведување буџетско финансирање, по принципот на исполнување на развојни индикатори, во неколку пилот-институции (СМАРТ клучни индикатори на успешност)<br>– Квалитетно управување и координација на процесот на пристапување во Европската Унија<br>– Квалитетно управување со процесот на пристапни преговори | |
| **Назив на Програмата:**<br>**2.1.5 Програма: Финансиски систем** | **Цел на Програмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарскиот систем и небанкарските институции, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата, платниот промет и игрите на среќа со законодавството на ЕУ, во согласност со приоритетите на Владата на РСМ, и создавање услови за ефикасно функционирање на финансиското работење | **Одговорен**<br>– Сектор за финансиски систем |
| **2.1.5.1 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарски и небанкарски институции** | **Цел на Потпрограмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарскиот систем и небанкарските институции и усогласување со законодавството на ЕУ | **Одговорен**<br>– Сектор за финансиски систем |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво | Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| Стабилен финансиски систем | Следење и имплементација на прописите од областа на банкарството, небанкарските финансиски институции и заштита на корисниците на финансиски услуги и понатамошно усогласување со директивите на ЕУ | | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стабилен финансиски систем | Следење на случувањата во ЕУ на планот на зголемување на сигурноста и стабилноста на финансискиот систем со цел мерките што ќе ги донесе ЕК да бидат соодветно и навремено имплементирани и во домашното законодавство. Посебен акцент ќе се стави на макропрудентната супервизорска рамка и соработката на институциите од РСМ со соодветните супервизорски тела во ЕУ и земјите членки, како и на опциите за брзо постапување и намалување на трошоците во случај на криза | | Континуирано |
| Имплементирање на Директивата 2014/59/ЕУ за формирање рамка за заздравување и решавање кредитни институции и инвестициски фирми во домашното законодавство/Закон за решавање банки | Подготвен е нацрт-текст на Законот | Во следниот период, тимови на Министерството за финансии и Народната банка ќе продолжат да работат на изготвување на конечниот текст | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |
| Понатамошно усогласување на Законот за финансиска дисциплина со Директивата 2011/7/ЕУ за борба против задоцнетото плаќање во комерцијалните трансакции, во делот на рокот за исполнување на паричните обврски помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор/Закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина | Подготвен е Предлог-закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина | Предлогот-законот е во собраниска процедура | Реализирано |
| Понатамошно усогласување на Законот за Фондот за осигурување депозити со Директивата 2014/49/ЕУ за депозитни гарантни шеми/Закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување депозити | Подготвен е нацрт-текст на Законот | Во следниот краткорочен период, тимови на Министерството за финансии и Фондот за осигурување на депозити ќе продолжат да работат на изготвување на конечниот текст | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во првата половина на 2023 година |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење | Подготвен е Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење | Предлог-законот е објавен на ЕНЕР и се очекуваат коментари од засегнатите страни | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во првиот квартал од 2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесување решенија за работа на друштвата за финансиски лизинг/Разгледување барања и издавање дозволи за работа и согласности на друштвата за финансиски лизинг | Донесени решенија | Во текот на 2022 година издадени се 2 (две) решенија-дозволи за основање и работа на давател на финансиски лизинг, 1 (едно) решение за одземање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг и 3 (три) решенија за промена на управител на давател на финансиски лизинг | Континуирано |
| Надзор над работењето на давателите на финансиски лизинг/следење на нивното работење | Извршени се надзори над работењето на давателите на финансиски лизинг | Континуиран вонтеренски надзор | Континуирано |
| Донесување на решенија за работа на финансиските друштва / Разгледување на барања и издавање на дозволи за работа и согласности на финансиските друштва | Донесени се решенија | Во текот на 2022 година издадени се 3 (три) решенија-дозволи за основање и работа на финансиско друштво; 6 (шест) решенија за согласност за член на орган на управување во финансиско друштво; 4 (четири) решенија за согласност за промена на основната главнина на финансиско друштво; 3 (три) решенија за промена во сопственичка структура на финансиско друштво; 2 (две) решенија за запирање постапка по поднесени барања за издавање дозвола за основање и работа на финансиско друштво | Континуирано |
| Надзор над работењето на финансиските друштва/следење на нивното работење | Извршени надзори над работењето на финансиските друштва | Вонтеренски надзор - континуиран вонтеренски надзор<br>Теренски надзор - извршени се 16 (шеснаесет) теренски надзори над финансиски друштва при што се изречени 13 (тринаесет) глоби, прекршочни платни налози, и 22 (дваесет и две) мерки за отстранување на неправилностите | Континуирано |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| **2.1.5.2 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на пазарот на капитал** | **Цел на Потпрограмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на пазарот на капитал и усогласување со законодавството на ЕУ | | **Одговорен**<br>– Сектор за финансиски систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Ефикасно функционирање на финансиските пазари | Следење и имплементација на прописите од областа на пазарот на капитал и понатамошно усогласување на домашната регулатива од областа на пазарот на капитал со законодавството на ЕУ | | Континуирано |
| Усогласување на домашното законодавство од областа на пазарот на капитал со Директивата 2004/109/ЕУ за усогласување на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност, Регулативата (ЕУ) 2017/1129 за проспектот што треба да се објави кога хартиите од вредност се нудат на јавноста или се примени за тргување на регулиран пазар и Директивата 2001/34/ЕУ за прием на хартии од вредност на котација на берза/ Предлог-закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност на издавачите | Подготвен е нацрт-текст на Законот | Тимови на Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност ќе продолжат да работат на изготвување на конечниот текст | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |
| Усогласување на домашното законодавство од областа на пазарот на капитал со Директивата 2014/65/ЕУ за пазарот на финансиски инструменти, Директивата за капитални барања, Директивата и Регулативата за злоупотреба на пазарот, Регулативата за пазарите за финансиски инструменти/Предлог-закон за финансиски инструменти | Подготвен е нацрт-текст на Законот | Тимови на Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност ќе продолжат да работат на изготвување на конечниот текст | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |
| Усогласување на домашното законодавство од областа на пазарот на капитал со Директивата 2011/61/ЕУ за менаџери на алтернативни фондови/Закон за алтернативни инвестициски фондови | | Тимови на Министерството за финансии и Комисијата за хартии од вредност, во соработка со техничката помош обезбедена од Светската банка, работат на изготвување на конечниот текст | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |
| Одлука за Дваесет и прва емисија на обврзници за денационализација | Одлуката е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/2022 | Реализирано | Реализирано |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.5.3 **Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на сметководствениот систем, платниот промет и ревизијата** | **Цел на Потпрограмата**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на сметководствениот систем, платниот промет и ревизијата и усогласување со законодавството на ЕУ | | **Одговорен**<br>– Сектор за финансиски систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Следење и имплементација на прописите од областа на сметководството и понатамошно усогласување на законодавната рамка за сметководство со законодавството на ЕУ | | Во рамки на ИПА-проектот „Зајакнување на внатрешниот пазар“, Министерството за финансии е корисник на Компонентата 3 (Подобрување на усогласеноста на националното законодавство со законодавството на ЕУ- Поглавје 6, во делот на сметководство и ревизија). Во рамки на проектот предвидена е техничка помош за Директивата 2013/34/ЕЗ за годишни финансиски извештаи, консолидирани финансиски извештаи и поврзани извештаи на одредени видови трговски друштва и за Регулативата (ЕУ) бр. 1606/2002 за примена на меѓународни сметководствени стандарди, чии одредби треба да се транспонираат во националното законодавство преку подготвување и донесување нов Закон за сметководство. На крајот на 2022 година, во рамки на проектот беше подготвена ГАП анализа за тековната состојба на усогласеноста на националното законодавство со релевантните Директиви на ЕУ од оваа област, по што се пристапи кон подготовка на прва верзија на Предлог-законот за сметководство | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот за сметководство во текот на 2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење и ажурирање на Меѓународните стандарди за финансиско известување и на Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти во согласност со Законот за трговските друштва | | Во согласност со Законот за вршење сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија има обврска да изврши превод на Меѓународните стандарди за финансиско известување и на Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти, и тоа во рок од една година од денот кога Законот ќе влезе во сила, односно најдоцна до 9.8.2023 година | Континуирано |
| Зголемување на бројот на проценители | Спроведување стручен испит за проценувач од областа на побарувањата и обврските | | Во текот на 2022 година не е спроведена почетна обука за стручен испит за проценувач од областа на побарувањата и обврските од страна на Комората, поради недоволна заинтересираност |
| | Издавање лиценци од областа на побарувањата и обврските | | Во текот на 2022 година не се издадени лиценци, со оглед на тоа дека до Министерството за финансии не е поднесено барање за издавање лиценца за овластен проценувач од областа на побарувањата и обврските |
| Спроведување обука на политичките партии за материјално и финансиско работење и начинот на пополнување на финансискиот извештај, најмалку еднаш годишно | | Законска обврска е оваа обука да се спроведува најмалку еднаш годишно | Оваа активност се реализираше во март 2022 година. На обуката присуствуваа претставници од 8 (осум) политички партии |
| Закон за ревизија на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) | | | Оваа активност е предвидена за 2023 година |
| Закон за државна ревизија | | Во текот на 2022 година, беа одржани состаноци со претставници од Државниот завод за ревизија во насока на доуредување на одредбите и финализирање на текстот на Предлог-законот за државната ревизија, којшто беше подготвен во рамки на твининг-проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“ МК 18 IPA F1 03 20, чиј корисник е Државниот завод за ревизија. Во тек е меѓуинституционално усогласување на одредбите од нацрт-текстот на Законот | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за ревизија | Подготвен е Предлог-закон за ревизија | Беа разгледани добиените забелешки и предлози од засегнатите институции во изминатиот период, при што прифатливите предлози беа вметнати во Предлог-законот. Во наредниот период следи финализирање на текстот и негово доставување до надлежните институции за мислење (СЗ, МИОА, МП) | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |
| Закон за сметководство на буџетите и буџетските институции | | Во текот на 2022 година, од страна на консултантот ангажиран преку Проект на УНДП беше подготвена Анализа за воведување сметководство на пресметковна основа во Република Северна Македонија. Воведувањето на „модифицираното пресметковно начело“ ќе ја наметне потребата од развој на капацитетите на сметководствената професија во јавниот сектор. Реформата на сметководствената професија ќе опфати задолжителна обука и полагање испит за сертификација на сметководителите во јавниот сектор. Затоа, преку ЦЕФ (Словенија) беа ангажирани консултанти кои подготвија Упатство за локализација на Програмата PACT во Република Северна Македонија. Со Упатството, меѓу другото, се пропишува и постапката за спроведување на Програмата за обука и сертификација на сметководителите во јавниот сектор во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот во текот на 2023 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.5.4 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на игрите на среќа и забавните игри | Цел на Потпрограмата<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на игрите на среќа и забавните игри и усогласување со законодавството на ЕУ | | Одговорен<br>– Сектор за финансиски систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Донесување решенија, дозволи и предлог-лиценци за приредување игри на среќа | Разгледување барања и издавање решенија и дозволи на приредувачите на игри на среќа и забавни игри | Во текот на 2022 година беа издадени 590 решенија, 160 дозволи, 10 лиценци и 1 одлука за одземање лиценца | Континуирано |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.5.5 Потпрограма: Надградба и усогласување на регулативата од областа на системот на осигурување и реосигурување | Цел на Потпрограмата<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на системот на осигурување и реосигурување и усогласување со законодавството на ЕУ | | Одговорен<br>– Сектор за финансиски систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Следење и имплементација на прописите од областа на осигурувањето и понатамошно усогласување со директивите на ЕУ | | | Континуирано |
| Усогласување на домашното законодавство од областа на осигурувањето со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II) | Нацрт-законот е во процес на подготовка | Во следниот период, тимови на Министерството за финансии и Агенцијата за супервизија на осигурување ќе продолжат да работат на изготвување на Нацрт–законот | Се очекува Владата да го усвои Предлог-законот на крајот на 2023 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА УНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата** | – Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните<br>– Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија<br>– Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација којашто обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа** | – Задржување на финансиската и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста<br>– Фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти<br>– Реформи во јавните финансии преку подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешна контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето<br>– Етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување развојни индикатори (СМАРТ клучни индикатори на успешност)<br>– Ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на прилагодување на системот за управување со структурните фондови<br>– Одржување професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови | |
| **Назив на Програмата:**<br>**2.1.6 Програма: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија** | **Цел на Програмата**<br>Соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции и координација со овие институции околу активностите потребни за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации; координација на активностите поврзани со исполнување на обврските што произлегуваат за Министерството за финансии од процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија: програмирање, спроведување и следење на Инструментот за претпристапна помош ИПА; сопретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи; координација на спроведувањето реформи во управувањето со јавните финансии, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | **Одговорен**<br>– Сектор за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА<br>– Сектор за централно финансирање и склучување договори<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи |

| 2.1.6.1 **Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапната помош - ИПА** | **Цел на Потпрограмата**<br>Програмирање, спроведување и следење на Инструментот за претпристапна помош - ИПА, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | **Одговорен**<br>– Сектор за управување со средства од Инструментот за претпристапна помош - ИПА |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| 1. Ефикасно и ефективно функционирање на системот за индиректно управување и контрола на средствата од ИПА, согласно со доделеното право за имплементирање на буџетот од Европска комисија<br><br>1.1 Изготвување и доставување изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА | Изготвени се изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА во првиот квартал од тековната за претходна година за:<br>1. Годишната акциска програма за 2014 год.<br>2. Годишната програма за 2017 год.<br>3. Повеќегодишната програма МААР од областа на транспортот и животната средина<br>4. Програмата ИПАРД 2014-2020 | Збирни извештаи за функционирањето на системот за управување и контрола од органите и структурите на системот за ИПАРД<br>Изјави за гаранција издадени од страна на раководителот на оперативната структура<br>Изјави за гаранција издадени од страна на раководителот на Телото за управување при ИПАРД<br>Изјави за гаранција издадени од страна на директорот на АФПЗРР<br>Тековни податоци од системот за управување и контрола (индикатори, процес на управување со ризици, извештаи изготвени од страна на РТ, управување со неправилности и други извештаи) | Изјавите за гаранција се доставени до ЕК со допис од 14.2.2022 година |
| 2. Обезбедување повисоко ниво на апсорпција и транспарентност во управувањето со Инструментот за претпристапна помош - ИПА преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата помеѓу надлежните институции со цел квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија<br><br>2.2 Доставување на барања за финансирање до Европската комисија | Редовно доставувања барања за финансирање до ЕК, за секоја одделна ИПА програма во зависност од расположливото салдо на сметките во согласност со постапките за работа | Доставени барања до ЕК за предфинансирање по програми<br>Редовно доставени барања до ЕК за тековно финансирање по програми<br>Доставени финални апликации до ЕК<br>Тековно следење на индикаторите за имплементација на ИПА програмите | Доставени се барања до ЕК за финансирања, согласно со динамиката на плаќање по одредена програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3 Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата согласно со утврдената динамика и следење на имплементацијата на проектите за коишто се склучени договори во рамки на ИПА 1 и ИПА 2 | Вршење исплати врз основа на склучени договори | Барања за исплата добиени од структурите за ИПА | Плаќањата се вршат континуирано, во текот на целата година. Сите плаќања се извршени во рамки на утврдените рокови во Процедурите за работа |
| 3. Обезбедување ефикасен систем и подобрување на координацијата на сите институции инволвирани во процесот на превенција, откривање и пријавување неправилности, измами и конфликт на интереси, како и преземање соодветни корективни мерки за сузбивање на истите<br><br>3.1 Подобрување на внатрешните постапки за работа, во согласност со научените лекции од тековната имплементација | Подобрени внатрешните постапки за работа за ИПА 3 | Научени лекции од тековната имплементација | Во рамки на процесот на прилагодување на системот за имплементација на ИПА 3 спроведени се активности за подобрување на внатрешните постапки за работа, во согласност со научените лекции од тековната имплементација во делот на превенција, откривање и пријавување неправилности, измами и конфликт на интереси, како и преземање соодветни корективни мерки за сузбивање на истите |
| 3.2 Доставување Извештај до ЕК за управување со идентификуваните неправилности со ИПА | Квартално известување до ЕК за идентификуваните неправилности со ИПА<br>Доставени извештаи | Пријави/извештаи за неправилности од органите и структурите на ИПА 2<br>Електронски систем за управување со неправилности | Извештаите за управување со идентификуваните неправилности во ИПА се изготвуваат редовно и се доставуваат на квартална основа |
| 4. Обезбедување систем за управување и контрола, којшто ќе обезбеди одржливост на веќе завршените проекти финансирани од ИПА со цел исполнување на целите на проектите во насока на правилно користење на средствата од фондовите на ЕУ<br>4.1. Спроведување верификациски посети со цел осигурување на одржливоста на реализираните проекти | Спроведена верификациска посета и потврдена одржливост на завршените проекти финансирани од ИПА | Во согласност со Планот за спроведување верификациски посети предвидена е верификациска посета за потврда на одржливоста на завршените проекти финансирани од ИПА | Конечниот извештај од верификациската посета за осигурување на одржливоста на реализираните проекти е издаден на 25.10.2022 година. Издадени се заклучоци за 3 (три) проекти финансирани преку Програмата ТАИБ |
| 5. Прилагодување и воспоставување систем за управување и контрола во согласност со програмите од новата финансиска перспектива 2021-2027<br>5.2. Добивање право за индиректно управување со средствата од мерката Рурална инфраструктура од Програмата ИПАРД | Акредитирана мерка за Рурална инфраструктура од Програмата ИПАРД | Во согласност со процедурите за акредитација | Продолжувањето на постапката за добивање право за индиректно управување со средствата од мерката Рурална инфраструктура зависи од обезбедениот оптимален број човечки ресурси во системот, со што оваа активност се затвора во моментот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.3. Информација за реорганизација на националните структури надлежни за управување со средства од Европската Унија со цел нивна подготовка за ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови | Изготвена е Информација за реорганизација на националните структури надлежни за управување со средства од Европската Унија | Во согласност со прогресот во рамки на проектот за воспоставување индиректен систем за управување со ИПА 3 | Доставена е Информација до Владата за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување систем за индиректно управување со ИПА 3, за Годишната акциска програма за 2022 година, со ревидиран Акциски план. ВРСМ ја усвои Информацијата и донесе заклучоци за постапување врз основа на роковите во ревидираниот Акциски план |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 2.1 Акредитација/доделување право за индиректно управување со нови програми во рамки на ИПА 3 | Процесот за акредитација на структура за имплементација на ГП 2022 од ИПА 3 во делот на животна средина е во тек. Акредитацијата/доделувањето право за индиректно управување се очекува да заврши во 3/4 квартал од 2023 година.<br>Во тек е прилагодување на системот за преминување кон имплементација на ИПАРД 3. Имплементацијата на ИПАРД 3 се очекува да започне во текот на вториот квартал од 2023 година. | Имплементацијата на активностите придонесува за зголемена апсорпција на ИПА 3 средствата | Процесот на акредитација ќе продолжи и во текот на 2023 година |
| 5.1 Воспоставување индиректен систем за управување со ИПА 3 за Годишната акциска програма за 2022 година во делот на акциските документи во коишто е предвидено имплементирање на индиректен начин | Владата го усвои Акцискиот план на 14-та седница од 15.2.2022 година.<br>Имплементирањето на активностите од Акцискиот план е во тек.<br>Доставена е Информација до Владата за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување систем за индиректно управување со ИПА 3 за Годишната акциска програма за 2022 година, со ревидиран Акциски план. ВРСМ ја усвои Информацијата и донесе заклучоци за постапување врз основа на роковите во ревидираниот Акциски план.<br>Акредитацијата/доделувањето право за индиректно управување на ГП 2022 од ИПА 3 во делот на животна средина се очекува да заврши во 3/4 квартал од 2023 година | Имплементацијата на активностите придонесува за зголемена апсорпција на ИПА 3 средствата | Ангажирани се експерти во рамки на проект финансиран од ЕУ, кои даваат поддршка во процесот на воспоставување индиректен систем за управување со ИПА 3 за Годишната акциска програма за 2022 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.4. Подготовка на правна рамка - договори за имплементација помеѓу органите и структурите за ИПА 3 | Изготвена е нацрт-верзија на Договорот за имплементација помеѓу органите и структурите за ИПА 3<br>Официјалното усвојување на правната рамка се очекува да заврши во 1/2 квартал од 2023 година. | Правната рамка ја регулира имплементацијата на Програмата ИПА 3 | Ангажирани се експерти во рамки на проект финансиран од ЕУ, кои даваат поддршка во процесот на воспоставување индиректен систем за управување со ИПА 3 за Годишната акциска програма за 2022 година |
| 5.5. Подготовка на Внатрешни постапки за работа на НАО/УС | Изготвени се нацрт-верзии на Внатрешни постапки за работа на НАО/УС за управување со ИПА 3 Годишна акциска програма за 2022 година<br>Официјалното усвојување на процедурите се очекува да заврши во 1/2 квартал од 2023 година | За управување со ИПА/ИПАРД 3 потребни се внатрешни постапки за работа на НАО/УС | Ангажирани се експерти во рамки на проект финансиран од ЕУ, кои даваат поддршка во процесот на воспоставување индиректен систем за управување со ИПА 3 за Годишната акциска програма за 2022 година |
| 5.6. Изготвување Извештај за самопроцена (Self Assessment Report) и доставување барање за акредитација до ЕК | Самопроцената за акредитирање е спроведена. Изготвен е Извештај од активноста. Во текот на ноември 2022 година, доставена е пакет-документација до РТ за процена на усогласеноста (Compliance Assessment) - чекор во согласност со регулативата ИПА 3.<br>Акредитацијата/доделувањето право за индиректно управување на ГП 2022 од ИПА 3 во делот на животна средина се очекува да заврши во 3/4 квартал од 2023 година.<br>Во тек е прилагодување на системот за преминување кон имплементација на ИПАРД 3. Имплементацијата на ИПАРД 3 се очекува да започне во текот на вториот квартал од 2023 година. | Зголемена апсорпција на ИПА/ИПАРД 3 средствата | Процесот ќе продолжи и во текот на 2023 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Воспоставување долгорочно решение за задржување за кадарот одговорен за имплементација на ИПА<br>6.1 Давање поддршка на СЕП при подготовка на политика на мотивација | Министерството за финансии имплементираше во Законот за извршување на Буџетот за 2023 година времено решение за политика за задржување на кадарот за имплементација на ИПА<br>Националниот координатор за авторизација и Секторот за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА даваат придонес секогаш кога има потреба од истото во процесот на креирање долгорочно одржливо решение за политика на задржување и мотивација на кадарот за имплементација на ИПА, коешто е во надлежност на СЕП | Задржување на квалитетниот и обучен кадар во ИПА структурата | Процесот ќе продолжи и во текот на 2023 година |

| **2.1.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)** | **Цел на Потпрограмата**<br>Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | **Одговорен**<br>– Сектор за Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Спроведување на одредбите од Рамковната спогодба помеѓу РСМ и Европската комисија, како и релевантното право на ЕУ | Издадено е неквалификувано ревизорско мислење | Спроведувањето на одредбите од Рамковната спогодба се врши континуирано, со цел непречена работа на оперативната структура, на патот кон нејзиното приближување и преземање на правото на ЕУ<br>Во 2021 година беа издадени годишни неквалификувани ревизорски мислења од страна на Ревизорското тело за ИПА за сите програми што се имплементираат на децентрализиран/индиректен начин | Недоволниот број и големата флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик во исполнувањето на мерката и резултатот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Редовно известување и консултации со Владата на Република Северна Македонија, Европската комисија и Делегацијата на Европската Унија и спроведување на препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Реализирани се 50% од препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Активностите се спроведуваат континуирано, а се известува на квартално ниво.<br>Извештаите се подготвуваат на квартално ниво со цел да се надминат слабостите и ревизорските наоди идентификувани во извештаите.<br>Во текот на 2022 година, ЦФСД ги спроведуваше препораките од наодите од системската ревизија, главно поврзани со капацитетот на човечките ресурси и Прирачниците за работните процеси, коишто беа спроведувани во текот на годината.<br>Во ЦФСД беа затворени 50% од идентификуваните наоди од системската ревизија во текот на 2022 година. | |
| Навремена подготовка на тендерската документација со висок квалитет, којашто ќе ги исполнува критериумите за тендерирање на ЕК, пред истата да биде доставена до Делегацијата на Европската Унија на екс-анте контрола | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи, коишто се предмет на екс-анте контрола, за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година | Покрај документот што се подготвува врз основа на анализите направени на годишно ниво, овој процес континуирано се спроведува и следи од страна на ЦФСД.<br>Во спроведувањето на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства.<br>Согласно со квантитативните податоци за стапката за суспендирање и одбивање на документите, може да заклучи дека стапката на одбиени документи во 2022 година е 19,76% и истата е намалена за 0,85% во однос на стапката во 2021 година | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации, сѐ со цел намалување на стапката на одбиени документи. Во текот на 2022 година продолжија да се одржуваат обуки за вработените во оперативната структура, со цел зајакнување на капацитетите на структурата при исполнувањето на оваа мерка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка и доследно почитување на препораките произлезени од научените лекции и добрата практика, во согласност со добиените коментари од ДЕУ при одбивање/одобрување на тендерската документација доставена на екс-анте контрола | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи, коишто се предмет на екс-анте контрола, за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година | Покрај документот што произлегува од анализите направени на годишно ниво, овој процес континуирано се спроведува и следи од страна на ЦФСД.<br>Во спроведувањето на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства.<br>Согласно со квантитативните податоци на стапката за суспендирање и одбивање на документите, може да заклучи дека стапката на суспендирани документи во 2022 година е 25,85% и истата е зголемена за 17,9% во однос на стапката во 2021 година | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации, сè со цел намалување на стапката на одбиени документи. Во текот на 2022 година продолжија да се одржуваат обуки за вработените во оперативната структура, со цел зајакнување на капацитетите на структурата при исполнувањето на оваа мерка |
| Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата, согласно со утврдената динамика, и следење на имплементацијата на проектите за кои се склучени договори во рамки на компонентите I и III од ИПА 1 и ИПА 2 | Стапката на исполнување на плановите за јавни набавки е над 70%<br>- Стапката на исполнување на плановите за исплати е над 70% | Оваа активност се спроведува континуирано, преку месечно следење на исполнувањето на плановите за набавки и исплати.<br>Во 2022 година, процентот на реализирани исплати во однос на планирани исплати изнесува 60%. Причината за помалата реализација на исплати во однос на планираните е непочитувањето на роковите и доцнењето при доставувањето тендерска документација од страна на институциите корисници, што повлекува и доцнење во спроведувањето на самите тендерски постапки во согласност со усвоениот План за јавни набавки, врз основа на кој се изработува и Планот за исплати. | Недоволниот број и големата флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик при исполнувањето на мерката и резултатот.<br>Состојбата со пандемијата на КОВИД-19 доведе до тоа активностите да се одвиваат во многу отежнати услови, коишто имаа влијание како врз институциите, така и врз договорните страни коишто ги спроведуваа активностите со забавено темпо.<br>Непочитувањето на дадените рокови во плановите и неквалитетната тендерска документација на институциите корисници е уште еден ризик-фактор во навременото спроведување на плановите за набавки |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ШТО НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.6.3 Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција** | **Цел на Потпрограмата**<br>Координација во програмирањето, спроведувањето и следењето на Инструментот за претпристапна помош - ИПА, координација во спроведувањето реформи во управувањето со јавните финансии, координација на активностите поврзани со исполнувањето на обврските што произлегуваат за Министерството за финансии од процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија: сопретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економско–финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | | **Одговорен**<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи, Виш програмски службеник |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на Програмата** | **Коментар** |
| Мерки и активности (од Годишниот план за работа) | Се наведува утврдениот показател за успешност, појдовната основа и одредницата за показателот | Се даваат информации од мерењето на секој од утврдените показатели за успешност за потпрограмата, со оценка на постигнатите резултати во однос на планираните резултати на Програмата<br>Се дава генерална оценка за показателите за успешност на ниво на Програма, со оценка за нивото на постигнувањето на планираните цели | Се наведат евентуалните ризици што влијаеле врз постигнување на резултатот |
| Подготовка на сите документи што произлегуваат како обврска од Оперативниот договор склучен со ПАО и Прирачникот за внатрешни постапки на Вишиот програмски службеник (СПО) за програмата ТАИБ од ИПА 1 | | Во мирување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Координација на Министерството за финансии за навремено исполнување на обврските на Министерството за подготовка на документите поврзани со процесот на европска интеграција (НПАА, Придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови, мислења и др.) | Подготвени документи | Оваа активност се спроведува во континуитет. Претходно подготвените документи се испратени до СЕП, и тоа:<br>– Придонес на МФ кон Годишниот извештај на ЕК за напредокот на РСМ за периодот октомври 2021 – март 2022 година;<br>– Ажуриран придонес на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија 2022, за остварениот напредок во процесот на приближување кон ЕУ за периодот од 1 април до 15 јуни 2022 година;<br>– Мислење на МФ по Одлука за воспоставување структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 200/2022);<br>– Мислење на МФ по Одлука за определување на институционалната структура на работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. | |
| Подготовка на сите документи што произлегуваат како обврска од Оперативниот договор склучен со ПАО и Прирачникот за внатрешни постапки на Вишиот програмски службеник (СПО) за програмата ТАИБ од ИПА 1 | | Во мирување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Координација на активностите поврзани со управувањето на ИПА2-проектите во потсекторот управување со јавни финансии | Координација на спроведувањето на ИПА-проектите, од областа на управување со јавни финансии | Учество во управни комитети за твининг-проектите на Министерството за финансии предвидени во Акцискиот документ од ИПА 2018 за потсекторот управување со јавни финансии, преку кои ќе се реализираат дел од реформите планирани во Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018 - 2021 година. Секторската работна група за управување со јавни финансии (СРГ за УЈФ) го финализираше предлогот за показателите и таргетите од Програмата за реформа на УЈФ коишто ќе бидат вклучени во системот на Рамката за оценка на резултатите (Performance Assessment Framework). Учество во Управниот комитет за ИПА програмата ЕУ за млади - буџетска поддршка, како и учество во секторските и заедничките мониторинг комитети на ИПА. Во мај 2022 година беше доставено барање до ДЕУ за повлекување на третата фиксна транша и втората варијабилна транша по Договорот за изведување секторски реформи „ЕУ за млади“, финансиран од ИПА 2019. | |
